ЗАПИСНИК
од VIII-та редовна седница на Надзорниот Одбор на
Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје

Седницата е одржана на ден 03.12.2018 година (Понеделник) во 17,00 часот во административните канцеларии на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје во Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ на бул.8-ми Септември бр.13 во Скопје со следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записник од VII – та редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
2. Разгледување и одобрување на Предлог текст на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година
3. Разно

Присутни :
- Г-дин Марковски Мишо,
- Г-дин Муедин Зибери,
- Г-дин Трајковски Стефан и
- Г-дин Горан Шумански
Претседателот укажа дека своето отсуство Г-дин Роберто Радески го оправда поради службено патување.
На седницата беа присутни управителот Александар Петровски, раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска и раководителот на секторот за општи и правни работи Роберта Теова во својство на записничар.

1.Претседателот ја отвори седницата и го стави на расправа предложениот дневен ред.
По усвојувањето на дневниот ред, Претседателот ја стави на расправа првата точка од дневниот ред : Усвојување на записник од VII – та редовна седница на Надзорниот одбор на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје.

Претседателот го прочита добиениот Записник и сите членови едногласно донесоа одлука за усвојување на истиот.

2.Претседателот ја стави на расправа втората точка на дневниот ред: Разгледување и одобрување на Предлог текст на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година

Претседателот Марковски Мишо пред да почне да го чита Предлог текстот на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година побара од управителот на Друштвото да им биде овозможено на членовите на Надзорниот одбор во работно време да ги разгледаат објектите со кои стопанисува Друштвото.
Управителот одговори дека членовите само треба да кажат термин и раководителот на секој поединечен објект ќе ги пречека, ќе покаже и објасни се за што членовите ќе постават прашање, но притоа им укажа дека доколку се резервирани термини за

користење на објектите нема да може да се посети објектот. На пример, за време на користењето на Вип Пливачкиот базен од страна на Пливачките клубови со кои имаме склучено договори – севкупната организација е од страна на истите.
Нашето Друштво за време на користени термини врз основа на склучени договори е одговорно за хигиената, топлината во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ како и за квалитетот на водата во Вип Пливачкиот базен и Вип рекреативниот аква парк.

Стефан Трајковски постави прашање дали паркинзите работат и како функционираат тениските терени и која е финансиската исплатливост од истите .
Управителот Александар Петровски одговори бидејќи паркинзите се на територија на Општина Карпош не е возможно да се наплаќа но од сигурносни причини при евентуални збиднувања во Хотел Александар Палас ги спуштаме рампите за да истите не се користат.
Управителот одговори дека тениските терени ги користи Друштво за оддржување рекреација и тренинзи на членовите на својот тениски клуб согласно склучен договор за период од 12 (дванаесет) месеци со исклучок на термините за користење на посетители на Друштвото БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје. За користење на терените склучен е предметниот договор бидејќи така се зголемија приходите на Друштвото од истите.

Претседателот Марковски Мишо започна со читање на содржината и ставките дадени во Предлог текстот на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година изготвен од службите на Друштвото.

Соочен со малите приходи од сауната Претседателот постави прашање дали постои начин истите да се зголемат. Раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска одговори дека заради големата понуда на СПА Центри во градот, најблиску и во Хотел Алексадар Палас,а притоа нашата е мала и не сме конкурентни на пазарот, па од тие причини невозможно е овие приходи да се зголемат.

Претседателот Марковски Мишо постави прашање зошто Вип бокс салата со местоположба во Вип пливачкиот базен се затвора како објект .
Управителот на Друштвото одговори дека во објектот, со изградба на оваа сала направено е едно од најголемите скрнавења во спортот и уништен е овој трет постоечки мал базен за почетно пливање па од таа причина започна постапка за јавна набавка за реконструкција на Вип Пливачкиот базен и негово враќање во првобитна состојба, а од кој базен очекуваме и да се зголемат приходите.

Претседателот Марковски Мишо упати прашање до управителот: од работењето на која содржина во комплексот е најмногу а од која најмалку задоволен.
Управителот одговори дека затворањето на СКОПСКИ САЕМ донесе повеќе приходи во нашето работење од причина на одржување на саемите во Вип Арената во нашиот објект. Како проблем се покажа крадењето на тушевите и правиме напори истите да се вградат во ѕид како вандалите не би можеле повеќе да делуваат.Истовремено укажа дека никаде во светот аква парковите, базените и спортските сали не се одржливи сами од себе заради големите трошоци. Оваа работна сезона Вип рекреативниот аква парк не беше во функција 44 дена заради лошите временски услови но затоа пак оваа година помина без насилство и повреди.

Претседателот продолжи со разгледување на расходите наведени во текстот.

Г-дин Муедин Зибери укажа дека смета дека издвоените средства за трошоци за обуки и семинари се премалку согласно промените во законската регулатива.
Управителот укажа дека оваа 2019 година нема финансиски можности за зголемување на оваа ставка но во иднина се надева дека ќе се создадат услови за тоа.

Г-дин Муедин Зибери постави прашање дали има отстапки од минатогодишниот Финансиски план на Друштвото.

Раководителот на секторот за финансии и сметководство Рената Стоилковска одговори дека нема отстапки.

По разгледување на Предлог текстот на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година, Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .

Бидејќи никој не се јави за збор членовите на Надзорниот одбор едногласно донесоа одлука со која го одобрија Предлог текстот на Финансискиот план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за 2019 година (заведен со арх.бр.05-1163/1 од 29.11.2018 година).

3.Претседателот ја стави на расправа третата точка на дневниот ред: Разно

Претседателот на надзорниот одбор и постави прашање на Роберта Теова дали е постапено по доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер за доставување биографија - Curriculum Vitae на членовите на Надзорниот одбор од Институтот за демократија Социетес Цивилис преку Миша Поповиќ, постар истражувач.

Роберта Теова одговори дека во законскиот рок на ден 28 септември 2018 година доставени се биографиите по електронски пат, за што сите членови добија копии од доставата.

Претседателот на надзорниот одбор праша дали некој има да постави друго прашање .
Бидејќи никој не се јави за збор претседателот ја затвори седницата .

Записничар
Теова Роберта

НАДЗОРЕН ОДБОР
Претседател
Г-дин Марковски Мишо